*АЛЕКСАНДАР ИЛИЕВСКИ*

# СФАЌАЊЕТО ЗА ОБРАЗОВАНИЕТО НА ВОЗРАСНИТЕ ВО ЈУГОСЛОВЕНСКАТА АНДРАГОШКА ТЕОРИЈА

## (Некои терминолошки и концепциски определби)

Образованието на возрасните во современата култура и цивилизација на денешниот свет станува интегрален дел на системот на образованието и воспитанието. Образованието и воспитанието се општествени феномени, бидејќи и општеството ги определува нивните цели и задачи, а воедно го организира и насочува нивниот натамошен развиток. Според тоа, тие се општествено условени.[1]

Образованието на возрасните во минатото и денес во југословенски и светски релации добива различно значење во општествениот живот. Воспитанието и образованието како сфера на практично-социјални односи, претставуваат значајни и интегрални компоненти на општествениот развиток и човековиот напредок. Како такви тие имаат свое историско значење. Уште просветителството во XVIII-от век влијаело да се формира поимот „народно просветување" што како такво се проширило насекаде во Европа, па и кај нас. Образованието на возрасните имало свој еволутивен развиток и добивало различни интерпретации во одделни земји и кај нас. Така на пример, во капиталистичките земји, почнувајќи од XIX-от век, кога работничката класа стапила на историската сцена (особено во Англија), па се до денес, се задржал поимот „работничко образование", што се разликува од поширокиот поим образование на возрасните.

---

[1] Маркс и Енгелс во Манифестот на комунистичката партија го истакнувале влијанието на воспитанието и образованието, при што навеле: „...комунистите не го измислуваат влијанието на општеството над воспитанието, тие само го менуваат неговиот карактер..." (Београд, 1947, стр. 20).

Во Англија, Германија, Скандинавските земји образованието на возрасните, пред сè, било насочено кон општото образование, или така нареченото либерално (слободно) образование, па така овој термин до ден-денес се задржал во Англија и Данска.

И кај нас образованието на возрасните како историски феномен и сегашна реалност, добивало и има извесни промени, како во терминолошка, така и во концепциска смисла. Во југословенски и светски рамки различните пристапи и сфаќања за образованието на возрасните, пред сè, произлегувале и произлегуваат, а особено ова се однесува на втората половина од XX-от век, од крупните општествени промени кои имаат одредени импликации и во воспитно-образовната сфера, како и влијание врз перманентните реформски процеси и во сферата на образованието на возрасните.

Имено, ако порано образовниот минимум бил гледан во задоволувањето на елементарната писменост и професионалната подготвеност за живот во општеството и стопанството, и ако училиштето ги подготвувало младите за доживотна работа и живот, денес тоа повеќе не е случај. Или уште поилустративно, овој феномен се потенцира од страна на Радован Рихта и соработниците, во нивната студија, при што истакнуваат дека традиционалниот систем на образование го подготвува човекот за живот од 12—20 години. Тоа значи дека „истовремено го подготвува човекот за живот во следните 50 и повеќе години, бидејќи така долго трае активниот живот, меѓутоа, системот на образованието тоа го прави на начин што одговара на денешниот, а не и на идниот развиток“.[2]

Во современиот живот во сите негови сегменти, па оттука и во сферата на образовно-воспитната активност, настануваат перманентни промени. Тоа, од друга страна ќе рече, дека образованието треба да претставува непрекината активност, а со цел за задоволување на широките и разновидни образовни потреби на здружените работници и на субјектите воопшто. Експлиците оваа определба е презентирана и во Резолуцијата на Десеттиот конгрес на СКЈ, при што се истакнува: „Целокупното социјалистичко воспитание и образование на младите и возрасните, кое непрекинато трае, мора така да биде организирано, битно да придонесува за формирањето на слободни сестрано развиени социјалистички личности и е неопходен чинител во развојот на социјалистичките самоуправни општествени односи и производни снаги на општеството“.[3]

Секако дека терминолошко-концепциската развиеност и прогресивниот óд во сфаќањето на образованието на возрасните кај нас, треба да се согледува низ аспектот на една перманентна прогресија, почнувајќи од ослободувањето, па сè до денес.

---

[2] Р. Рихта и др., Цивилизација на раскршћу, Београд, 1972, стр. 128.
[3] Десети конгрес на СКЈ, Београд, 1974, стр. 312.

## РАЗВОЈНИОТ ПАТ НА СФАЌАЊЕТО ЗА ОБРАЗОВАНИЕТО НА ВОЗРАСНИТЕ ВО ЈУГОСЛАВИЈА

Семантичко-концептуалната фундираност на андрагошко-образовно-воспитната активност кај нас, од ослободувањето до денес, може да се разгледува низ три развојни периоди.

### *1. Период од 1945—1950 година*

Во овој прв период од социјалистичкиот развиток на нашата земја, со оглед на остатоците од заостанатоста на културно-просветен план од пред војната, во која доминирал проблемот на неписменоста, секако, дека ова прашање и непосредно по ослободувањето во образованието на возрасните кај нас, зазема забележително место, бидејќи во тој период неписменоста се движела околу 44,6%. Токму во периодот од 1945—1950 година се сретнува во педагошко-андрагошката литература и концепциската определба за неписменоста, при што, се наведува, дека „неписмен е оној кој не знае да чита ни да пишува, без оглед на тоа, дали порано посетувал училиште или не".[4] На просветен план овој период е карактеристичен по заедничкото ангажирање на сите субјекти во отстранувањето на општата културна заостанатост. Во овој период идејните и организационите основи на системот на воспитно-образовната активност што се поставени во текот на НОБ и Социјалистичката револуција кај нас, се зацврстуваат со создавање на широка и разновидна мрежа на институции и организации.

Во овој период теориската мисла се задржала на ниво на „народно просветување", бидејќи филозофските, социолошките, дидактичките и психолошките основи на образованието на возрасните, сѐ уште не биле фундирани врз некои подлабоки научни сознанија.[5]

Во учебниците (на пример, во учебникот на д-р Стј. Патаки, Опћа педагогија) образованието на возрасните се сфаќа како „народно просветување". Може да се истакне дека во теориски поглед развојот на теориската мисла од споменатиов период, има повеќе би рекле — дескриптивен, отколку експликативен карактер, додека пак во методолошки поглед, дедуктивниот метод бил поставен на преден план. Тоа произлегува одтаму што доволно не биле развиени емпириските истражувања од оваа област, како и хуманитарните науки со кои андрагогијата е тесно поврзана. Во наведениот период особена нагласка добива екстензивното образование на возрасните.[6] Образованието на возрасните најчесто било заменувано со термините: народно просветување, културно-масовна работа, културно-

[4] Dr Stj. Pataki, Opća pedagogija, Zagreb, 1956, str. 333.

[5] Види: Dr Borivoj Samolovčev, Obrazovanje odraslih u prošlosti i danas, Znanje, Zagreb, 1963.

[6] Ibidem.

просветна активност, културно-уметничка дејност и т.н. Во тој период по пат на приучување на работните места биле оспособени голем број на професионални кадри, како и разграничени се организационите, содржинските, андрагошко-дидактичките и методските прашања и проблеми.

Во споменатиов период создадени се значајни претпоставки за организирана и систематска дејност и за општ развиток на андрагошката теорија и практика.

## *2. Период од 1950—1970 година*

Овој период има значајно место во развитокот на андрагошката теорија и практика кај нас. Карактеристичен е по систематскиот пристап во образованието на возрасните. Со воведувањето на работничкото и општественото самоуправување во сите сфери на животот, настапува и квалитетно нов период во развитокот на нашата научна и општествена стварност, па во тој контекст и во андрагошката теорија и практика. Општественото самоуправување во работничките совети, задружните совети, куќните совети, советите на комуните, во управните и школските одбори, постави и нови барања во поглед на трансформирањето на образованието на возрасните врз нови самоуправни основи.

Во тој контекст идејно-политичкото образование и образованието за самоуправување, како и општото и професионално образование, беа поставени на преден план. Работните организации оспособувањето на луѓето го обавуваа не само за производна работа, туку и за перманентна реализација на самоуправните функции и задачи. Идејно-политичкото и општествено-економското образование, станаа посебно значајни интегрални компоненти на воспитно-образовната активност. Затоа и од 1952—53 година кај нас почнаа да се основаат, а по иницијатива на Сојузот на синдикатите, нови институции за образование на работниците — работничките универзитети, а нешто подоцна и центрите за образование. Овие институции особено внимание им посветија на прашањата на перманентното и комплексното образование на возрасните, а во прв ред на вработените.

Од 1954—1958 година, како што е познато, кај нас интензивно се работеше на реформата на системот на образованието и воспитанието. Токму и во тој временски интервал кај нас отпочна процесот на напуштање на т.н. „просветителска“ концепција во образованието на возрасните („народно просветување“ како термин), а се прифати терминот „образование на возрасните“. Овој термин не само од семантички, туку и од содржински аспект, доби посебно место и значење во андрагошката стварност кај нас. Имено, образованието на возрасните станува интегрална компонента на воспитно-образовниот систем и процес кај нас.

Овие задачи се конкретизирани и во документите од 1958 година (Програмата на СКЈ, Предлог на системот на воспитанието и образованието, како и во Општиот закон за школството). Иако Законот за школството го задржува терминот „школско образование", сепак институциите за образование на возрасните ги поставува на рамноправна основа, заедно со оние наменети за образование на младите.

По 1965 година, како што е познато, кај нас се интензивира процесот на образованието на вработените. Имено, настанува т.н. концепција на „фабричко образование", кое се сфаќа како „меѓусебно-меѓузависна функција на производно-технолошкиот, општествено-економскиот, идеолошко-политичкиот и културниот развиток на работните организации и работните луѓе . . . тоа е комплексно, развојно и функционално оспособување и усовршување", како што се истакнува на страниците на еден документ за проблематиката на образованието на возрасните.[7] Во семантичко-концептуална смисла, не би требало да се поистоветува образованието на возрасните со образованието на вработените, бидејќи првиот поим во споредба со вториот, е поширок.

Забележително место во терминолошко-концепциската определба на образованието на возрасните кај нас има и Меѓународниот семинар за системот на образованието на возрасните (Опатија, 1964) каде што во споменатата книга е прифатена концепцијата на перманентното, интегралното (комплексното), развојното и функционалното образование.[8]

Концепцијата на перманентното образование, како и на комплексното, развојното и функционалното образование и воспитание на возрасните е присутна и во книгата „Образованието во стопанските работни организации",[9] во која се форсира т.н. „фабричко образование", а потоа и во „Основи на андрагогијата",[10] како и на Првиот конгрес на андрагозите на Југославија.[11] За развојот на концепцијата за образованието на возрасните, во временскиот интервал од 1950—1970 година, одредено влијание имаат и научно-истражувачките и стручните трудови на одделни наши андрагошки теоретичари и практичари[12]

---

7 Problemi konceptualizacije obrazovanja zaposlenih, Zagreb, 1974, str. 15.

8 Sistem obrazovanja odraslih, Zagreb, 1963, str. 30.

9 Obrazovanje u privrednim radnim organizacijama, Zagreb, 1966.

10 Osnovi andragogije, Sarajevo, 1966.

11 Suvremena andragoška teorija i praksa u Jugoslaviji, Zagreb, 1969.

12 Види на пример: Бранко Боројевић, Морално васпитање у армији, Београд, 1954; Dr Mihajlo Ogrizović, Osnovi penološke andragogije, Zagreb, 1956 i Problemi andragogije, Zagreb, 1959; Dr Mladen Zvonarević, Primjena psihologije u obrazovanju odraslih, Zagreb, 1958; Dr Borivoj Samolovčev, Obrazovanje odraslih u prošlosti i danas, Zagreb, 1963; Dr Dušan M. Savičević, Primena metode u obrazovanju odraslih, Zagreb, 1961; Istiot. Образовање за живот у породици, Београд, 1967; Д-р Драгомир Филиповић, Образовање одраслих у теорији и пракси, Београд, 1967 и др.

### 3. *Период од 1970 до денес*

Овој период е од особено значење за развитокот на нашата андрагошка теорија и практика, па во тој контекст и за образованието на возрасните во терминолошка и концепциска доизградба и усовршување.

Во светски релации, како што е познато, на овој план, во спомнатиов временски интервал, одржани се Третата светска конференција за образованието на возрасните (Токио, 1972) каде што перманентното образование како филозофска основа заземе широко и централно место, а исто така, и на последнава конференција (IV-та Меѓународна конференција, Париз — 1985) каде што, покрај перманентноста, и демократичноста во сферата на воспитно-образовната активност, заземе примарно место и значење.

Кај нас донесувањето на Резолуцијата на Сојузното собрание (1970) за развојот на образованието и воспитанието врз самоуправна основа, исто така, отвори нови процеси и односи и во едукативната сфера.

Образованието на возрасните постанува de jure и de facto интегрален дел на воспитно-образовниот систем. Во овој документ се укажува на три патишта во развојот на воспитно-образовната активност кај нас, а имено: а) преку редовниот — традиционален систем на образование; б) преку образованието покрај работата и в) по пат на рекурентно образование.[13]

Уставот на СФРЈ (1974), Резолуцијата на Десеттиот конгрес на СКЈ за задачите на социјалистичката преобразба на воспитанието и образованието (1974) и Законот за здружен труд (1976), отворија нови процеси и односи и во сферата на потесното поврзување, односно на интегративните функции на образованието, како составка на здружениот труд, при што, доминира принципот на слободната размена на трудот.

Со оглед на мултипликативните функции што секојдневно ги обавува возрасниот човек во семејната средина, во здружениот труд, во месните и интересните заедници, во територијално-политичките заедници и сл. и понатаму се интензивира потребата од едно комплексно, развојно и функционално образование, а имено: општо и професионално образование, марксистичко и самоуправно-политичко образование, образование за културно и естетско живеење, образование за живот во семејството и домаќинството, образование за општонародна одбрана и општествена самозаштита, образование за користење на слободното време и рекреација и слично. Во тој контекст во наведениов временски интервал кај нас, покрај постојните образовни институции на планот на образованието на возрасните (општообразовни и стручни училишта, народни и работнички универзитети и центри

---

[13] За ова види: Д-р Боривој Самоловчев, Основи на андрагогијата, Универзитет „Кирил и Методиј", Скопје, 1981, стр. 89—90.

за образование, синдикални школи, галерии, музеи, народни театри, кина, библиотеки, и др.) во својата секојдневна дејност забележително место имаат и политичките школи (вечерни, младински, средни, виши, високи и факултети; клубовите на самоуправувачите, трибините на актуелни разговори, марксистичките центри и клубови, школите за млади марксисти, Политичката школа на ЦК СКЈ „Јосип Броз Тито" во Кумровец и други образовно-воспитни организации). Во овој период нашата андрагошка теорија и практика значително се зацврсти и доби меѓународна афирмација. Перманентното, повратното образование и образованието покрај работата и во нашата андрагошка теорија и практика, добија своевидно место и значење.[14]

## ЗА НЕКОИ РАЗВОЈНИ ТЕРМИНОЛОШКО-КОНЦЕПЦИСКИ ОПРЕДЕЛБИ НА ОБРАЗОВАНИЕТО НА ВОЗРАСНИТЕ ВО ЈУГОСЛАВИЈА

Развојот на системот на образованието и воспитанието кај нас, а во тој контекст и на андрагошкиот развој (во теоријата и практиката), експлиците и имплиците, имаат и своевидно влијание врз перманентниот развој и усовршување на концептуалната основа во сфаќањето на образованието на возрасните кај нас, низ досега споменатите три развојни периоди.

Ако првиот период во терминолошка концепциска смисла му даваше посебно место и значење на „народното просветување" со оглед на тогашната актуелност на проблемов, во наредниве два периода образованието на возрасните и во теориска и во практична и семантичко-концепциска определеност, бележи перманентен прогрес, односно развиток.

И при ваквото поимско определување ќе го задржиме редоследот на хронолошкиот пристап од страна на одделни автори, документи и други извори кон оваа, би рекле, мошне сложена, комплексна и суптилна проблематика.

Образованието на возрасните кај нас различно се определува кај повеќе автори. Така на пример, Ашер Делеон под поимот образование на возрасните подразбира „широка, разновидна и комплексна дејност на многубројни општествени, културни, просветни, пропагандни и други фактори, кои директно и индиректно влијаат врз формирањето на ликот на степен на свест, образование и култура на возрасното население на нашата социјалистичка заедница.[15]

---

[14] Поопстојно за ова види: Достигнућа и развојни правци андрагошке теорије и праксе у Југославији, САДЈ, Београд, 1973; Permanentno obrazovanje, Nakladni zavod „Marko Marulić, Split, 1976; Андрагогија удруженог рада, САДЈ, Скопје, 1980; Povratno obrazovanje i promjene u politici i sistemu obrazovanja. Zavod za pedagogiju Filozofskog fakulteta sveučilišta u Zagrebu i Savezni zavod za kulturnu i tehničku saradnju, Београд—Загреб, 1981

[15] Ašer Deleon, Obrazovanje odraslih, „Narodno sveučilište", Zagreb, 1957, br. 7—8, str. 443.

Слична поимска определба се сретнува и во Елаборатот на Сојузната комисија за реформа на школството, при што образованието на возрасните се дефинира како „систем на просветни, стручни и културни институции кои создаваат можности на целокупното возрасно население да ги задоволува најразличните потреби на своето општо и стручно образование, на своето воспитание, оспособување за општествена активизација и свој културен живот".[16] Погоре споменатиот автор А. Делеон на едно друго место образованието на возрасните го сфаќа како „широка, разновидна и комплексна дејност на многубројни општествени, културни, просветни, пропагандни и други фактори, кои директно и индиректно влијаат на формирањето на ликот, на степенот на свест, образованието и културата на возрасното население на нашата социјалистичка заедница".[17] Нешто слична поимска определба за образованието на возрасните се сретнува и кај Радован Теодосиќ (во неговиот учебник по педагогија). Така, тој вели: „под образование на возрасните се подразбира содржина, форми и методи на работа кои ги презема општествената заедница, а со цел подигање на општото просветно-културно, стручно, техничко, економско и здравствено ниво на возрасното население".[18]

Досегашните поимски определувања на образованието на возрасните главно го истакнуваат неговиот екстензивен карактер, а со цел задоволување на широките и разновидни образовни потреби.

Развојната концептуална основа на образованието на возрасните може да се согледа и низ дефинициите што се јавуваат во 60-тите години и потоа. На пример, Иван Леко оваа определба ја идентификува со поимот вработен—вработеност. Тој образованието на возрасните го разгледува како „образование на оние граѓани кои веќе стапиле во работен однос и имаат желба своето општо и стручно образование да го подигнат на повисоко ниво или сакаат своето слободно време да го искористат за запознавање со културните вредности и достигнувањата на науката".[19]

Во 1963 година Ашер Делеон повторно се навраќа на поимското определување на образованието на возрасните. Сега, тој, образованието на возрасните го сфаќа како интегрален дел на воспитно-образовниот систем, при што вели: „во него се интегрирани сите степени на образованието, од најнискиот до највисокиот степен".[20]

Во своите поимски определувања, Никола Вученов, образованието на возрасните го идентификува со перманентното образова-

---

16 Obrazovanje odraslih u novom sistemu obrazovanja i vaspitanja, „Narodno sveučilište", 1957, br. 7—8, s. 419.

17 Ašer Deleon, Obrazovanje odraslih, „Narodno sveučilište", 1957, br. 7—8, str. 443.

18 Радован Теодосиħ, Педагогија, Сарајево, 1958, стр. 393.

19 Ivan Leko, Obrazovanje odraslih, „Pedagoški rad", 1960, br. 9—10, str. 331.

20 Ашер Делеон, Функција образовања одраслих у нашем друштву (дискусија), „Наша стварност", 1963, бр. 1, стр. 65.

ние, при што истакнува дека тоа треба „да стане трајна потреба, а учењето перманентен процес“.[21] Ваква идентификација се сретнува и кај д-р Михајло Огризовиќ, при што ја истакнува потребата „воспитно-образовната работа со возрасните, треба да претставува константна задача на нашата општествена заедница и тоа е перманентен процес“.[22]

На страниците на Енциклопедискиот речник, пак, поимската определба на образованието на возрасните се доближува на она што се сретнува во Елаборатот (1958). Во споменатиот речник образованието на возрасните се сфаќа како „активност од образовен и воспитен карактер, која се врши по пат на различни курсеви, школи и установи и по пат на самообразование на возрасните по завршеното редовно школување, и има за задача да го надополнува и проширува општото или стручното образование на поединецот или на групата возрасни кое им е потребно на нивните работни места или во општествениот живот“.[23]

Како што можеше да се види од оваа дефиниција посебна нагласка им се дава на образовно-воспитните организации на возрасните во задоволувањето на нивните образовни потреби за образование за работа, а и поширoко во општествениот живот. Ваква идентификација на проблематикава, што е предмет на нашето интересирање, се сретнува и на страниците на Педагошкиот речник. Имено, во него е поместена следнава определба: „Образованието на возрасните (енг. adult education, фр. education des adultes, нем. Erwachsenenbildung, рус. образовање взрослих) претставува организирано и систематско усвојување на темелни и целосни знаења од подрачјето на науката, културата, уметноста, производството, општествено-политичкиот живот и техниката, по пат на институциите за образование на возрасните, или низ политичкиот живот и техниката, по пат на посебни институции за образование на возрасните или самообразование, со цел за општо или професионално оспособување за која и да е општествена дејност“.[24]

Во истата година, мошне интересни поимски определувања за проблематикава се сретнуваат во дефиницијата што ни ја презентира д-р Драгомир Филиповиќ. Тој истакнува: „... под образование на возрасните подразбираме систематска индивидуална работа, секој облик на организирана помош на луѓето во работен однос и другите возрасни кои имаат желба да го надополнат своето општо образование и култура, да ги потпомогнат стручните знаења и да изградат правилен став и однос кон општествената заедница, за себе и за

---

[21] Никола Вученов, Функција образовања одраслих у нашем друштву (дискусија), „Наша стварност", 1963, бр. 1, стр. 35.

[22] Dr Mihajlo Ogrizović, O nekim problemima teorije obrazovanja i odgoja odraslih, „Pedagogija", Beograd, 1963, br. 3, str. 170.

[23] Enciklopedijski rečnik pedagogije, Matica Hrvatska, Zagreb, 1963, str. 577.

[24] Педагошки речник 2, Завод за издавање уџбеника СР Србије, Београд, 1967, стр. 15.

другите; тоа опфаќа широк дијапазон на знаења од основната писменост до највисоките стручни и научни знаења и да ги помага и развива творечките способности кај возрасните“.[25]

Од досегашниве дефинирања на поимот образование на возрасните, главно можат да се презентираат следниве согледувања и констатации:

1. Образованието на возрасните се согледува низ аспектот на една општа општествена потреба во задоволувањето на широките и разновидни потреби на работните луѓе и граѓаните од образование на сите видови и нивоа, а со цел задоволување на образовните потреби;

2. Образованието на возрасните се согледува како интегрална компонента на системот на образованието и воспитанието кај нас, воопшто, а во системот на образованието на возрасните, посебно;

3. Во првиот и вториот развоен период образованието на возрасните, почесто се сфаќа како „народно просветување“, а и како образование на возрасните;

4. Дефинициите од првите два периода во развојот на образованието на возрасните кај нас, повеќе ја определуваат институционалната, програмската, организационата и друга основа, што е сосема разбирливо, бидејќи таквите фундаменти претставуваат реална база за натамошна доградба на образованието и воспитанието на возрасните како посебности во општиот систем на образовно-воспитната активност кај нас.

Секако, уште позабележително место во поимското определување на образованието на возрасните се сретнува во сегашниов период од развојот на системот на образованието на возрасните кај нас, и тоа почнувајќи од 1970 година па сè до денес. Иако поимските определувања се мошне експлиците и имплиците наведени во претходните два периода, сепак во сегашниов трет период, низ својот развоен пат, овие поимски определувања водат кон совршенство. Но, притоа, треба да се каже дека колку и да се совршени, не треба да се заборави дека тие се веќе и конечно завршени, туку, напротив, и во наредниов период ќе се укажува на потребата од нивно развојно — функционално усовршување, а според потребите на општеството и на личноста од образование за активен живот низ сите развојни периоди на човековото егзистирање (предпрофесионален, професионален и постпрофесионален).

Во 70-тите години се сретнуваат некои нови согледувања во поимското определување на образованието на возрасните кај повеќе наши теоретичари во андрагошката сфера, а и низ документите од општествено-професионално значење. Д-р Душан М. Савичевиќ, осврнувајќи се на оваа есенцијално прашање, истакнува дека „обра-

[25] Др Драгомир Филиповић, Образовање одраслих у теорији и пракси, Београд, 1967, стр. 69—70.

зованието на возрасните го одредуваме како систематска, организирана и насочена воспитно-образовна и самообразовна активност која ги опфаќа сите нивоа на образование, од описменувањето до постдипломското усовршување.[26]

Влијанието на научно-техничката револуција, како и распространетоста на перманентното образование, како систем, процес, принцип и однос, во југословенски и светски релации, доби своевидно влијание и во поимското определување на образованието на возрасните кај нас. Во прилог на ова, покрај други, говори и дефиницијата што ја презентира д-р Драгомир Филиповиќ. При тоа, тој истакнува, дека „образованието на возрасните не може да добие поширока смисла од онаа кое веќе ја има. Тоа се исцрпува во задачата да им помага на возрасните луѓе, од една страна да ги надополнуваат празнините во знаењата кои им останале од младоста, а од друга страна, непрекинато да го надополнуваат своето образование во зависност од текот на развитокот на науката и техниката".[27]

Д-р Перо Шимлеша, образованието на возрасните, пак го разгледува низ аспектот на перманентните развојни процеси и односи во кои човекот повеќе не е само „homo faber" (што било одлика на минатото и на претходните општествено-економски формации, особено во граѓанското општество), туку и „homo-creator", особено во нашето самоуправно социјалистичко општество на здружен труд и на здружени работници. Во таа смисла тој вели: „Бидејќи текот на нашиот самоуправен социјалистички развиток е извонредно динамичен, а и промените во нашите општествени и економски односи не само што се чести, туку и постојани, мораме да ги образуваме луѓето, кои не само што ќе знаат и ќе можат непрекинато да ги следат промените во општеството, туку и ќе ги иницираат и кои со својата активност ќе ги забрзуваат тековите на социјалистичката преобразба на нашето општество".[28]

Поврзувањето на образованието воопшто, а на образованието на возрасните посебно, со потребите на здружениот труд, а и наизменичното сменување на работата и образованието, се сретнува како значајна компонента и во поимското определување на образованието на возрасните. Во тој контекст д-р Мато Јерговиќ говорејќи за оваа определба нагласува: „Ученикот (посетителот — н.з.) во новиот

---

[26] Dr Dušan Savićević, Povratno obrazovanje u integralnoj filozofiji permanentnog obrazovtnjt, vo knigata: Permanentno obrazovanje — urednik dr Nikša Nikola Šoljan — Nakladni zavod „Marko Marulić", Split, 1976, str. 354.

[27] Dr Dragomir Filipović, Zahtevi i problemi primene koncepcije permanentnog obrazovanja u oblasti obrazovanja odraslih, vo pogorenavedeniot Zbornik — Permanentno obrazovanje,... op. cit., str. 138.

[28] Dr Pero Šimleša, Povratno obrazovanje prosvetnih radnika, vo knigata: Povratno obrazovnje i promjene u politici i sistemu obrazovanja, (ured Dr Nikola Nikša Soljan), Zavod za pedagogiju Falozofskog fakulteta Sveučilišta u Zagrebu, Zagreb — Beograd, 1981, str. 160.

систем на образованието треба постепено да прераснува од ученик кој учи во работник кој работејќи учи".[29]

Д-р Боривој Самоловчев во својот учебник — Основи на андрагогијата (прв учебник на македонски јазик по андрагогија), во својата поимска определба образованието и воспитувањето на возрасните го разгледува како: „... високоорганизирана, перманентна и многу флексибилна образовно-воспитна дејност, насочена кон задоволување на сите образовни потреби на возрасниот човек".[30] Според оваа поимска определба, образованието на возрасните се сфаќа: „... како интегрална компонента на перманентното учење".[31]

Нешто слични поимски определувања за образованието на возрасните кај нас сретнуваме и во еден друг учебник кај претходно споменатиот автор, при што наведува: „образованието на возрасните претставува трајна, сеопфатна и флексибилна општествена активност, високоорганизирана, систематска и економична, заснована на општествените и индивидуалните напори а насочена кон интегрално развивање на личноста, нејзините сознајни и работни способности и нивниот активен однос, сознаен и творечки, спрема објективната стварност во која се наоѓаат".[32]

Последниве дефинирања на поимот на образованието на возрасните кај нас, поодблизу и поопстојно ја објаснуваат споменатава поимска определба за конкретнава проблематика за која расправаме. Овие определби ги опфаќаат сите образовни нивоа, а и самата активност се сфаќа како високоорганизирана, трајна, систематска и планска, насочена кон општите општествени цели и потреби и потребите на личноста за задоволување на широките и сеопфатни образовни потреби.

Респектирајќи ги сите досега споменати поимски определувања за образованието на возрасните кај нас, сепак, ни се чини дека

---

[29] Dr Mato Jergović, Jedinstvo obrazovanja i rada i povratno obrazovanje — vo pogorecitiranata kniga — Povratno obrazovanje i promjene.... op. cit., str. 96.

[30] Др Боривој Самоловчев, Образовање и васпитање одраслих као општи друштвени феномен, Годишен зборник на Филозофскиот факултет, Скопје, 1978, кн. 4, стр. 383; и Истиот, Основи на андрагогијата, Универзитет „Кирил и Методиј", Скопје, 1981, стр. 14.

[31] Ibidem, str. 383.

[32] Dr Borivoj Samolovčev — Mr Hakija Muradbegović, Opšta andragogija, Sarajevo, 1979, str. 72.

Во колективниот труд Andragogija („Školska kniga", Zagreb, 1985, на стр. 1) се презентирани две суштински определби. Едната се однесува на определувањето предметот на андрагогијата, а втората определба се однесува на образованието на возрасните. Во однос на првата определба се истакнува: „Андрагогијата е наука за образованието и воспитанието на возрасните луѓе. Предметот на андрагогијата е истражување на законитостите во подготвувањето, изведувањето и вреднувањето на школувањето, оспособувањето и усовршувањето на школувањето, оспособувањето и усовршувањето на возрасните за работа, самоуправување и слободно време". Додека пак, втората определба подвлекува: „Образованието на возрасните е интегрален дел на целокупниот систем на образование и воспитание и тоа претставува фаза на перманентно образование во кое учествуваат возрасните луѓе". (Dr N. Pastuović).

образованието на возрасните претставува една широкоорганизирана општествена и професионална дејност од плански, систематски и траен карактер, а која ги опфаќа сите образовни нивоа, со единствена цел — изградување на сестрано развиена личност, како и за задоволување на широките општествени и лични потреби од образование и самообразование на личноста на возрасниот човек.

Ваквите определувања во себе субсумираат, би рекле, неколку значајни и интегрални компоненти, а во прв ред: образованието на возрасните се сфаќа како широка, сестрана, свесна и системска активност, со цел задоволување на општествените и личните потреби од образование на здружените работници, таму каде што секојдневно живеат (се образуваат) и работат.

Секако, дека ваквото поимско определување во себе субсумира еден флексибилен однос кон андрагошката образовно-воспитна активност, која се реализира низ секојдневните процеси на перманентната човекова активност низ животното (образовно) и работното искуство. Квантумот и квалитетот на широките и разновидни познавања од оваа сфера, а и пошироко, ја прави личноста комплетна, творечки креативна, а и уште поактивна низ процесите на трудот (производствен и општествено-корисен), а и негова поголема социополитичка активност во сите сфера на животот: во економскиот, политичкиот, културниот и во другите сфери во животот каде што човекот секојдневно живее, работи и учи. Во тој контекст сосема се во право и оние определувања, кои образованието на возрасните го сметаат и како интегрален дел на перманентното учење.

## НАМЕСТО ЗАКЛУЧОК

Од сето досега кажано, произлегува дека образованието на возрасните претставува значајно и суштинско прашање во контекстот на проблематиката од системот на образованието на возрасните кај нас посебно, а и воопшто во воспитно-образовниот систем. Оттука и нашиов кус осврт врз поимските определувања има за цел да даде само некои појаснувања, но во никој случај и да се бара комплексност и сеопфатност, со оглед на сложеноста на проблематиката и нејзината суптилност.

Низ овој осврт можеше да се согледа и еволутивноста на концепциското согледување на проблематикава, а што е условено од современите потреби и барања на животот и потребите на личноста од едно комплексно, би рекле и флексибилно образование за сите сфери на животот.

Ваквите поимски определби произлегуваат и од современите интенции што ги поставува научно-техничката револуција, перманентното образование, односно во пошироки смисла на зборот перманентното учење и другите сегменти на животот во сферата на едукацијата воопшто ,а во образованието на возрасните, посебно.

*ALEKSANDAR ILIEVSKI*

# THE TREATMENT OF THE ADULT EDUCATION IN YUGOSLAVIA
## (About the problem of its terminology and concept)

Summary

The adult education, on the whole, becomes an integral part of the educatonal system within the framework of the modern culture and civilization. It is an essential social and scientific phenomenon. In the past and nowadays, in Yugoslavia and in the world, it has a different meaning in the social life and reality. Education and schooling as a sphere of practical and social relations, are essential and integral components of the social development and human progress. As such, they are of historical significance.

The adult education in Yugoslavia, as a historical phenomenon, reality and futuristic vision, has passed through certain changes in the sense of its terminology and general concept. The philosophical basis of this phenomenon lies in the permanent education or life—long education.

In this paper, in its introductory part, the author presents the evolution of the treatment of the adult education in Yugoslavia through periods.

1. The period between 1945 and 1950, during which, the theoretical thought remained on a level of a „popular education";
2. The period 1950—1970 which is very important for the development of the andragogical theory and practice in Yugoslavia and is characterized by the systematical treatment of the adult education; and
3. The period since 1970 which is of particular significance for the development of our andragogical theory and practice and especially for the adult education (its terminology and concept).

In the paper, the author treats the problem of the terminology and the concept of the adult education in the frameworks of the prolific pedagogical and andragogical production, following its evolution. In the end, the author derives some final conclusions.